Општина Гази Баба
ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ДЕКЕМВРИ 2009 - БРОЈ 13

# Општина Гази Баба на ЗЕЛС ЕКСПО 2009





ПУШТЕНА ВО УПОТРЕБА НОВА ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА


ПАРНО ГРЕЕЊЕ ВО ОУ КИРИЛ И МЕТОДИЈ

ПИВАРА СКОПЈЕ
Најдоброто од Македонија
19 24

# Пуштање на фекална канализација Инџиково



Градоначалникот на Општина Гази Баба, Тони Трајковски, Претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски и градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски во присуство на генералниот директор на ЈП Водовод и канализација, Игор Арнаудов и житлите од општина Гази Баба, го предадоа во употреба фекалниот и атмосферски колектор за населбите Стајковци, Ченто, Инџиково, Хиподром и Маџари, како и препумпната станица за фекални води "Макошпед".

Колекторскиот систем за овие населби ги решава долгогодишните проблеми на околу 30.000 жители. Жителите од овој дел од градот во наредните 50 години нема да имаат проблеми со канализационата мрежа што отвора дополнителна можност за економски развој на општината Гази Баба.

Изградбата на колекторскиот систем и реконструкцијата на препумпната станица чинат 120 милиони денари, од кои 60 милион денари обезбеди Владата на Република Македонија, а другите средства ги обезбеди ЈП "Водовод и канализација".

Како дел од проектот, извршена е и целосна реконструкција на постојната препумпна станица "Макошпед", како во градежниот, така и во електромашинскиот дел. Заменети се постојните три (3) пумпи со капацитет од 90 литри во секунда со нови три пумпи - секоја со капацитет од 320 литри во секунда. (Вкупно 960 л/сек).

На изградба на колекторскиот систем работеа екипите на фирмите "Турбоинженеринг"-Скопје, "Жикол" ДООЕЛ Струмица, "Промонтинг" ДООЕЛ Скопје и "Вардарградба" ДОО Скопје.





ТУКА АКО ИМА ПОТРЕБА МОЖЕ И НАДНАСЛОВ

# ТУКА ТРЕБА НАСЛОВ

Почитувани сограѓани, ова е период во кој се прават анализите на се она што успеавме да го сработиме, а воедно се прават и плановите за следната година.

Од аспект на сработеното и направената споредба со изборната програма, можам да го констатирам следново:

- Од областа на локалниот економски развој, во завршна фаза е Стратегијата за рурален развој, Активна е апликацијата за проектот "Мрежа на претприемачки региони" во соработка со Општина Велење, а како претседател на Скопски плански регион потпишав меморандум за соработка со регионот Горењска -Р. Словенија и дефинирање на конкретни активности за подготвување на заеднички проекти. Отпочнавме со проектот Мрежа - Развој +, со правење на база на податоци за високо образовани кадри од Општина Гази Баба и нивно промовирање на берзата на трудот. Даваме максимална подршка и партнерски соработуваме со Бизнис инкубаторот, се со цел давања можност на младите лица да отпочнат сопствен бизнис.

- Од областа на образованието, го довршивме проектот за реновирање на прозорците во училиштата со средствата добиени од Владата на РМ, завршени се сите подготвителни активности за изградаба на спортска сала во ОУ "Крум Тошев" направивма реконструкција на парното греење во ОУ "25 Мај" и ОУ "Његош" и направивме пренамена на греење во ОУ "Кирил и Методиј" од греење на дрва и ќумбиња на парно греење, во соработка со Американската Влада.

- Од областа на земјоделието, имавме одлична соработка со двете земјоделски здруженија. Одржавме неколку работилници, обезбедивме бесплатни здравствени прегледи за земјоделците со анализа - како влијаат пестицидите на нивното здравје. Во соработка со Земјоделскиот факултет за 120 земјоделци обезбедивме бесплатни анализи на земјиштето, со препорака како треба да се подготви земјата за следната сезона.

- Од областа на Урбанистичкото планирање, го донесовме планот за трговскиот центар Маџари, се отпочна со продажба на државното земјиште за реализација на ДУП Хиподром 2, по иницитатива на граѓаните донесовме урбанистички план за дел од н.м. Идризово и отпочнавме со носењето на Локално урбанистичка планска документација. Во завршна фаза се плановите за обиколницата, СРЦ Смилковци, СРЦ Железара и СРЦ Хиподром, во завршна фаза е и ДУП за дел од Триангла како и Студентскиот центар "Стив Наумов" со комплексот факултети.

- Од областа на сообраќајот, во соработка со Градот Скопје се пушти нова автобуска линија за УЗ Кирил Петрушевски а деновиве отпочнавме заеднички активности за изградба на кружни текови на неколку локации. Ангажиравме лице кое во соработка со МВР и градот Скопје ќе работи на решавање на проблемите во сообраќајот.

- Од областа на Комуналните дејности - сегментот водоснабдување, го завршивме проектот со изградбата на филтер станицата во Раштак и резервоарот во н.м Булачани, а во соработка со Градот Скопје отпочнавме да го решаваме проблемот со водоснабдувањето за населението во Ченто. с. Сингелиќ, Стајковци, Хиподром, Трубарево, односно во завршна фаза е поставувањето на новата водоводна мрежа со профил Ф500 мм по улицата Перо Наков. Го завршивме проектот секундарна водоводна мрежа за н.м. Камник и успешно отпочна поставувањето на куќните приклучоци.

- Од областа на Комуналните дејности - сегментот канализациски системи, го завршивме проектот примарна канализација Инџиково река Вардар, изготвен е проект за примарна фекална мрежа на потегот Трубарево - Дрма, а во соработка со Општините Илинден, Петровец и Арачиново се обезбедија одредени средства за чистење на каналската мрежа. Во соработка со градот Скопје ја поставивме фекалната и атмосфртската мрежа на ул. Јужноморавски бригади во н.м. Камник.

- Од областа Комунални дејности - сегментот асфалтирање, на улиците направивме крпење на поголемите дупки на цела територија на Општина Гази Баба. Потпишавме договор со Агенцијата за државни патишта за изградба на три локални патишта Раштак - Бутел, Ј.Сандански - Инџиково и Брњарци - Стајковци. Го изградивме тротоарот пред ОУ Стив Наумов а во завршна фаза е тротоарот во Јурумлери. До крајот на годината се планира отпочнување на тротоари во Стајковци и Трубарево.



**Тони ТРАЈКОВСКИ**
Градоначалник на Општина Гази Баба

- До крајот на годинава ќе се заменат сите прегорени светилки а на регионалниот пат Р103 ќе се постават нови арматури со поголема јачина. На истиот пат, на мостовите во Г.Делчев и Трубарево се поставија нови соларни светилки.

- Од областа на социјалната заштита, реализиравме неколку заеднички проекти со МВР за превенција во Градинките. Помогнавме во отварањето на центар за поголема едукација на ромското население, а моментално помагаме во реконструкцијата на домот за децата со посебни потреби во н. Железара. Обезбедивме бесплатни лекарски прегледи за жителите од руралното подрачје. Во соработка со Владата на РМ и Институтот за медицина на трудот, до карјот на годинава обезбедивме бесплатни прегледи за сите невработени лица со издавање на лекарско уверение, кое ќе им послужи при нивно вработување.

- Од обалста на Културата, успешно го реализиравме културното лето, објавен е меѓународен повик за изработка на скулптурите на плоштадот во Автокоманда, во соработка со Министерството за култура и Музејот на Македонија заврши втората фаза од реконструкцијата на неолитската населба Тумба Маџари, со неколку културно уметнички друштва реализиравме заеднички проекти, а во соработка со словенското здружение Франце Прешерн ја организиравме Македонско Словенската вечер. Општината успешно се претстави на овогодинешниот саем ЗЕЛС ЕКСПО.

- За младите, го реализираме проектот Биди волонтер при што потпишавме меморандум за соработка со УСАИД за ангажирање на 12 волонтери во општинската администрација, а со тоа ќе помогнеме на младите да стекнат пракса и почетно работно искуство.

- Од областа на спортот, продолжуваме со поддршката на Општинскиот сојуз на училишни спортови и активното учество на учениците од Основните Училишта во сите лиги, успешно беа организирани Малите олимписки игри, даваме поддршка на Општинската лига и фудбалските клубови кои се натпреваруваат во неа. Во соработка со Агенцијата за млади и спорт отпочнавме со изградба на фудбалски стадион во Трубарево, а во соработка со Општина Арачиново го организиравме хуманитарниот крос во Хиподром, ја организиравме Трката за светска хармонија која помина низ нашата Општина. Се одржаа голем број на турнири во мал фудбал во населените места, успешно ги реализиравме отворените забавни фудбалски школи, изградивме неколку забавни катчиња со реквизити за најмалите.

- Од областа на заштитата на животната средина, формиравме посебен сектор за заштита на животната средина се со цел да се посвети посебно внимание на екологијата. Во соработка со Градот Скопје и Владата на РМ беа обезбедени нови контејнери во населбите, со ангажирањето на 80 сезонски работници ја подобривме хигиената на цела тариторија, се расчисти кејот на реката Вардар, неколкупати во соработка со ЈП Комунална хигиена работевме на расчистување на дивите депонии, Успешно се спроведе пролетната акција за поубава Општина, работевме на кастрење на гранките, уредување на парковите и зеленилото, ги мотивиравме граѓаните со симболични награди активно да учествуваат во уредувањето на своите дворови и влезови.

- Од областа на меѓународната соработка, потпишавме меморандум за соработка со Општина Велење - Р. Словенија.

- Во однос на градење на професионална администрација, во тек е изработката на Стратегијата за управување со ризици која многу ќе ни помогне во надминување на сите можни ризици, кои би можеле да се појават во текот на работата на општинската администрација.

- Обезбедивме бесплатна телефонска линија која деновиве треба да отпочне со функционирање, на која бесплатно граѓаните можат да се јават и да ги добијат информациите кои им се потребни.

- Одличната соработка со членовите на Советот продолжува, заедно носиме Програми за работа, Одлуки, Решенија, во интерес на сите граѓани кои живеат на подрачјето на Општината, на оние кои работат во неа, а и на оние кои поминуваат низ неа, бидејќи Општина Гази Баба е влезна порта на Градот Скопје.

Почитувани сограѓани

ова се поголемите проекти што беа реализирани изминатиов период. За следната година очекувам заедно да реализираме многу повеќе, очекувам поголема функционалност на месните и урбани заедници, поголем број на инвестиции во нашата Општина, што е главен прдуслов за побрз и поуспешен развој на Општината. Имаме капацитет, имаме знаење и човечки ресурси и затоа сметам дека со заеднички ангажман во дефинирање на приоритетните активности и предлагање на мерки за решавање на одредени проблеми, многу побрзо ќе одиме напред.

Во Новата Година, Ви посакувам многу здравје во Вашето семејство, среќа и успех на сите полиња.



# Нова канализациона мрежа во н. Керамидница

Во н. Керамидница на улица 515, изведена е нова канализациона мрежа Ф500 во должина од 106 м.

Изведувач на работите е фирмата "Техноградба инженеринг", а инвеститор е Општина Гази Баба.





# Реконструкција на тротоар во н. Автокоманда

Во н. Автокоманда на ул. Јани Лукровски, се реконструираше тротоарот. Во должина од 200м покрај Основното училиште Стив Наумов, се поставија бехатон плочки. Изведувач на работите е фирмата "Баџак инженеринг".



# Пуштено во употреба новото парно греење

Во ОУ Кирил и Методиј во н.м. Стајковци свечено беше пуштено во употреба новото парно греење.

Досега ова училиште се загреваше со печки на дрва, а со донација od HQ USEUCOM, Office of Defense Cooperation Macedonia и Општина Гази Баба, се заменија старите дотраени печки со парно греење на нафта, односно се постави нов котел, резервоар за нафта и радијатори во целото училиште.

Целата инвестиција изнесува околу 2.000.000,00 денари.

Новото парно греење го пуштија во употреба заменик Амбасадорот на САД Томас Хавратил, Адмирал Вилијам Браон, Градоначалникот Тони Трајковски и Министерот за образование и наука Никола Тодоров.





# Нова водоводна мрежа во Маџари

На улицата Перо Наков, со инвестиции на Градот Скопје и ЈП "Водовод и канализација", во тек е изградба на нова водоводна мрежа. Новата водоводна мрежа ќе го подобри водоснабдувањето на 40.000 жители од населбите Маџари, Хиподром, Триангла, Ченто, Инџиково, с. Сингелиќ, Стајковци, Трубарево и источната индустриска зона.

Овој проект е од големо значење за Општината Гази Баба , а и за Градот Скопје затоа што посочените населени места сега имаат големи проблеми со водоснабдувањето. Водоводната мрежа е долга 650 метри, а цевките се со дијаметар Ф 500 милиметри.

Мрежата ќе биде циркуларна и ќе овозможува континуирано водоснабдување на овие населби во случај на дефект на постојната цевка Ф 700 милиметри, која сега ги снабдува со вода овие населени места. Реализацијата на овој проект чини 20 милиони денари, а работите ги изведува фирмата "Вардар Градба".

Во наредниот период треба да се изгради водоводот од "Агросервис" до резервоарот во населбата Ченто, како и новиот резервоар, со што трајно ќе се реши проблемот со водоснабдувањето во овој дел од градот.

## Водоводен систем во н.м. Булачани

■ На водоводниот систем Булачани, односно за 220 семејства се изведе нова каптажа, нов резервоар од 100 м$^3$ и секундарна водоводна мрежа.

Системот се хиперхлорираше, после што е пуштен во употреба со исправна вода за користење во домаќинствата.

## Нова автобуска линија 3Б

■ Од населбата Вардариште до Клиничкиот центар, се воведе нова автобуска линија со број 3Б на ЈСП Скопје.

Оваа автобуска линија, ќе ги реши долгогодишните проблеми со јавниот превоз на околу 5000 граѓани - жители или вработени во




овој дел на Општина Гази Баба.

Автобусот со број 3Б ќе сообраќа според утврден возен ред, со акцент на утринските и на попладневните часови кога граѓаните одат и се враќаат од работа, а Градот Скопје преку субвенции ќе го помогне функционирањето на оваа линија, иако таа не е рентабилна.

## Нова филтер станица во н.м. Раштак

■ Жителите на н.м. Раштак добија нова филтер станица која е поставена на водоводниот систем.

Таа е технички примена, направено е хиперхлорирање на целокупниот систем и направено е испитување на водата, кое покажува дека водата која ќе ја користат жителите е во исправна состојба.

### Средба со Јавните Претпријатија од Градот Скопје

■ Во Општина Гази Баба Градоначалникот Тони Трајковски, претставници од општинската администрација и претставници од урбаните и месните заедници, одржаа средба со градоначалникот на Град Скопје Коце Трајановски, претставници од градската администрација и директорите на Јавните претпријатија.

На средбата се дискутираше за секое претпријатие поединечно, за проблемите со кои се соочуваат жителите на општината, предлози за нивно разрешување и за плановите за идната година.

### Изведба на куќни приклучоци во Камник

■ Во н. Камник се изведуваат куќните приклучоци на новата водоводна мрежа.

Трошоците околу оваа активност се на терет на Општина Гази Баба и на ЈП Водовод и канализација.

Единствена обврска на жителите на н. Камник е да си го подмират стариот долг кон ЈП Водовод и канализација и да си набават огрлици за приклучок.

### Изгаснат пожар во атарот на село Раштак

■ Во месец ноември, на Скопска Црна Гора, во атарот на село Раштак од населението беше забележан шумски пожар и веднаш беше алармирано во општина Гази Баба.

Службите од Општината веднаш ги известија надлежните институции Противпожарна бригада на Град Скопје, Центарот за управување со кризи и МВР.

Со навремена интервенција на Противпожарната бригада, помогната со екипи од Општина Гази Баба, јавното комунално претпријатие "Гази Баба 2007" и месното население, пожарот беше изгаснат. На површина од околу 25 ха, беше опожарена мешана шума од даб и бука.



## Подигање на возила од јавните површини





■ Поради големата гужва која се прави за време на викендите околу автопазарите кај Фершпед и во населбата Триангла на ул. "Благоја Стефковски", со што се намалува безбедноста во сообраќајот, Општина Гази Баба во соработка со полицијата и ЈП Градски паркинг - пајак служба, во изминатиов период активно работеа на расчистување на јавните површини.

Комуналната инспекција апелира до граѓаните да не ги паркираат своите возила на јавните површини, бидејќи активностите ќе се одвиваат континуирано на целата територија на Општина Гази Баба.

## *Активности во пресрет на првите снегови*

■ Во пресрет на првите снежни врнежи, Општина Гази Баба превзема навремени мерки за спречување на таложење на снегот и оневозможување на функционирање на патниот сообраќај на нејзина територија.

Пред да започнат врнежите од снег, на подрачјето на Општината се интервенираше со едно возило - соларка, на потегот од н.м. Црешево до н.м. Раштак, при што е посипано вкупно 2,5м3 сол и ризла, а со почеток на интензивните врнежи од снег и паѓањето на температурите, Општината ги ангажира сите фирми избрани за расчистување на снег, и тоа:

Билд - инг, Рекаинтернационал и Изолација, при што се расчистија сите критични места во општината. Се интервенираше со три возила со плуг и соларка, една скип машина и два камиона за рачно посипување на сол.

При оваа акција беа потрошени 8 $м^3$ сол и 12 $м^3$ мешавина од сол и ризла.

Во акцијата за расчистување учествуваа и сите 80 сезонски ангажирани лица по Проектот на Владата.

За побрзо лоцирање на критичните места од страна на месното население и координирано интервенирање на посочените локации за нивно навремено отстранување, Кризниот Штаб на Општина Гази Баба одржа средба со преставници од урбаните и месните заедници, при што се донесе заклучок од сите урбани и месни заедници да се определат лица за контакт со раководителот на Кризниот штаб.

Воедно, се упатува апел до граѓаните при нови врнежи од снег да земат учество во расчистувањето на пред своите дворови, влезови од згради и деловни објекти, во спротивно за сите оние кои нема да го сторат тоа, согласно законот за јавна чистота, пропишани се и казнени







# Систематски прегледи на земјоделците од Општината



По Проектот на Институтот за медицина на трудот, финансиран од Владата на РМ, а во соработка со Општина Гази Баба, оваа година се вршеа систематски прегледи на земјоделците од подрачјето на Општина Гази Баба.

Екипите од Институтот за медицина на трудот секојдневно беа во населените места во Општина Гази Баба, каде што вршеа комплетни систематски прегледи на земјоделците. Акцент на испитувањата се ставаше на влијанието на пестицидите кои се употребуваат во земјоделието врз здравјето на човекот.

Покрај систематските прегледи, на земјоделците им се даваа едукативни брошури и совети од лекари специјалисти, за правилно користење на пестицидите во земјоделието и заштитата на луѓето кои ги употрбуваат.

## Трибини со Здруженијата на земјоделци од Општината

Во рамките на реализација на Проектот за испитување на почвата во руралниот дел на Општина Гази Баба, со членовите на Здруженијата на земјоделци од општината беа одржани две трибини, на која присуствуваше и Градоначалникот на Општината Тони Трајковски.

Професори од Земјоделскиот факултет на присутните им ја објаснуваа правилната постапка за употреба на хемиските ѓубрива, односно како делуваат хемиските супстанции врз почвата на која се садат земјоделски производи.

Членовите на здруженијата активно се вклучија во дискусиите и од професорите добиваа стручни одговори и совети.

## Презентација за ИПАРД

Телото за Управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, во просториите на Општина Гази Баба, организираше презентација за ИПАРД.

Презентери беа претставници од Телото за Управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и претставници од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој.





## *Обука за земјоделците*

Управата за јавни приходи во Општина Гази Баба, одржа обука за земјоделците од нејзина територија, заради подетално запознавање со начинот и условите да се регистрираат за паушално оданочување на приходите од земјоделска дејност во УЈП.

## *Испитување на почвата од руралниот дел на ОГБ*

На подрачјето на Општина Гази Баба се реализираше проект за испитување на почвата во руралниот дел на Општината. Цел на Проектот беше правилна употрба на хемиските ѓубрива, односно како делуваат хемиските супстанции врз почвата на која се садат земјоделски производи.

Се одржаа средби со Здруженијата на земјоделци од Општината кои образложениот Проект го прифатија со одобрување.

Исто така, Факултетот за земјоделски науки понуди и стручна помош од професори, кои ќе ги посетуваат Здруженијата на земјоделци.



# Сочувај го твојот прозорец кон светот

Во просториите на општина Гази Баба, се одржа промоција на проектот "Сочувај го твојот прозорец кон светот".

Основна цел на проектот е превентивно делување и заштита на информатичката опрема во основните училишта од оштетување, уништување и кражби.

Проектот го изработи Одделението за превенција при СВР Скопје, а финасиски го поддржува и Општина Гази Баба.







## Бесплатни прегледи за невработени

ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РМ, по проект на Владата на РМ, врши бесплатни прегледи за невработени лица од подрачјето на Општина Гази Баба, при што ќе добијат бесплатно уверение, кое би им послужило при вработување.

Оваа активност ќе се одвива заклучно со 31.12.2009 година.

## Дебата за Положбата на националните малцинства

Во Општина Гази Баба, се одржа дебата на тема "Положба на националните малцинства", која претставува дел од Програмата "Регионална активност на граѓанското општество за подигање на свеста и толеранцијата", која Здружението за граѓани "Иницијатива за европска перспектива" ги реализира на три локации во Македонија: Општините Гази Баба, Чаир и Долнени.

Целта е на едно место да се соберат сите заинтересирани страни: припадниците на малцинските заедници, припадниците на мнозинските заедници кои имаат важна улога во јавниот живот, организации од граѓанското општество кои делуваат во регионот, студенти, претставници од општинските власти, како би се идентификувале проблемите и потребите на малцинските заедници во Македонија.



# Одбележан Интернационален ден на волонтерите



Општина Гази Баба и ArcelorMittal Скопје, го одбележаа Интернационалниот ден на волонтерите со активности на повеке локации низ општината.

Во активностите учествуваа вработени од ArcelorMittal, од општина Гази Баба и од ЈКП Гази Баба, а во Паркот на скулптурата спроти ДСУ "Панче Арсовски" им се придружија и Градоначалникот на Општината Тони Трајковски и главниот извршен директор на ArcelorMittal Акшаја Кумар Саксена.



# Sustainability Quality Leadership

ArcelorMittal е водечка компанија за челик, присутна во повеќе од 60 земји во светот. Лидер во сите големи глобални пазари како во автомобилската индустрија, градежништво, бела техника, и пакување. Финансиските резултати на ArcelorMittal за 2008 покажуваат обрт од $124.9 милијарди и производство на суров челик од 103.3 милијарди тони, што претставува 10% пд светското производство на челик. Во Македонија има два субјекта - ArcelorMittal CRM и HRM (Ладна Валавница и Полуконти).

ArcelorMittal



Г-н Akshaya Kumar SAXENA, беше назначен за Генерален Директор на ArcelorMittal Skopje на 27ти јули оваа година.

**Менаџмент тимот на ArcelorMittal Skopje е посветен на обезбедување на Одржливост, Квалитет и Лидерство не само за компанијата туку и за своите вработени и општеството.**

## Здравје и Безбедност

*Безбедноста е приоритет за ArcelorMittal.* Го создадовме Денот на Безбедноста за да не ја заборавиме важноста на безбедноста при работа. Оваа година денот беше одбележан на 28 април заедно со градоначалникот на Гази Баба, г-н Тони Трајковски и Синдикатот.








## Ден на Дрвото

ArcelorMittal Skopje учествува во разни настани кои се дел од Социјалната Одговорност. Еден од нив - Денот на дрвото - засадување на иднината.



## Ден на Доброволците

40 вработени на ArcelorMittal Skopje заедно со КХ Гази Баба ги чистеа улиците и парковите во општината. Генералниот и Финансискиот директор присуствуваа на настанот заедно со градоначалникот на општината кој се заблагодари за придонесот на нашата компанија.

**Зелена линија 3243 903** Можете да се јавите на оваа линија за да пријавите било каков проблем од областа на животна средина, безбедноста или социјален проблем.

**...и ArcelorMittal би сакал да Ви ги честита Новогодишните и Божиќните празници**




# Партнерство помеѓу "Моја кариера" и ОГБ



Со потпишувањето на Меморандумот за разбирање помеѓу Општина Гази Баба и УСАИД, отпочна реализацијата на Националната програма за практиканска работа и вработување "Моја кариера",со што се создаваат можности за практиканство во рамките на локалната самоуправа и бизнис заедницата во Општината.

Меморандумот за разбирање го потпишаа Градоначалникот Тони Трајковски и заменик директорот на УСАИД Проектот за конкурентност, Јасмина Варналиева.

# Промовиран Проектот „Безбедност на домот и имотот“

Во Општина Гази Баба во присуство на претставници на урбани и месни заедници, се промовираше Проектот на одделението за превенција при СВР Скопје, за "Безбедност на домот и имотот" кој започна да се реализира во општините на подрачјето на град Скопје.

Поради зголемениот број на криминалитетот, поточно на кражбите во домовите изминативе години, се наметна потреба од изготвување на Проект за заштита на домот и имотот од страна на Одделението за превенција во СВР Скопје.

Овој проект е изработен врз основа на направени анализи на можностите за самозаштита на граѓаните од кривично дело - кражби во станови и куќи. При овие анализи е дојдено до сознание дека е потребна едукација и зголемување на безбедносните мерки, безбедносната култура и подобрување на соработката помеѓу полицијата и граѓаните. Само така би се отежнале условите за вршење на кривични дела, а со тоа би се подобрила и безбедносната состојба и сигурноста на граѓаните.



Целите на овој Проект се - подигање на свеста на граѓаните, подобрување на личната безбедност, градење на партнерство и зајакнување на довербата и соработката помеѓу граѓаните и полицијата.

Проектот го промовираше Розалита Дојчиновска од Одделението за превенција во СВР Скопје, а на присутните им се обратија Цена Чаловска, началник на одделението за превенција во СВР Скопје, Градоначалникот на Општина Гази Баба Тони Трајковски и Помошник командирот на полициската станица Гази Баба Томче Петрушевски.



# Проект: Грижи се за својот влез

Организацијата на жените на Општина Гази Баба во соработка со Општина Гази Баба изработија Проект "Грижи се за својот влез", кој имаше завршна презентација во просториите на Општината.

Целта и реализацијата на овој Проект е будење на свеста на населението за поголема грижа за заедничкиот дел од објектите во кои живеат и околу нив, односно влезовите во објектите со колективно живеење.

Извршени се анкети на граѓаните по населените места од подрачјето на Општина Гази Баба, организирани се дебати во населените места и анализата извршена врз основа на овие активности, покажува дека мал е бројот на куќните совети кои функционираат добро, а поголем е бројот на оние кои слабо функционираат или воопшто не постојат.



На завршната презентација се поделија и награди на куќните совети кои најдобро функционираат, а тоа се:

- куќен совет од Ул. Трифун Хаџи Јанев бр. 7/4
- куќен совет од ул. Антон Попов Триангла
- куќен совет од ул. Карл Либкнехт бр. 64/1

## Проширување на гробиштата во н.м. Булачани

Општина Гази Баба заедно со жителите на Месната заедница Булачани, уредуваат простор за проширување и оградување на новите гробишта со површина од 2000 $м^2$.

Досега е уреден простор од 1000 $м^2$, ископани се темели за оградата, а следна фаза е доуредување на уште 1000 $м^2$ и изработка на оградата.

## Нови парни котли во ОУ Његош

Во ОУ "Његош" изминатиов период Општина Гази Баба направи неколку градежни зафати за подобрување на условите за работа во ова училиште.

Во фискултурната сала на училиштето се пререди стариот паркет, а на местата каде што недостасуваше се постави нов.

Се направија тротоари околу филкултуната сала да се заштити од влага за време на врнежи и се замени дел од кровната конструкција на училиштето.

Исто така, парното греење кое досега работеше на дрва и јаглен, се замени со греење на нафта, односно се поставија два нови парни котли и четири резервоари за нафта.

За оваа пригода, учениците се претставија со кратка програма.

## Пешачка патека во н.м. Јурумлери

Во н.м. Јурумлери долж главната улица, се направи пешачка патека во должина од 375 м и широчина од 1,5 м.

Инвестиции за оваа активност, која е од големо значење за безбедноста на пешаците, издвоија Општина Гази Баба и Градот Скопје.

Изведувач на работите е фирмата "Трансмет".

## До Нова Година целосно осветлена Гази Баба

На целата територија на Општина Гази Баба, интензивно се работи на санација на неисправните светилки и замена на искршени и дотраени канделабри, кои ќе бидат вратени во функција.

- Поради тоа што не ги задоволуваат критериумите за улично осветлување, на патот Р 103 на потегот од н.м. Скопско Поле до н.м. Идризово, ќе бидат заменети постоечките арматури со нови (55).

- Во н. Автокоманда ќе бидат вградени три нови канделабри со кои ќе се осветли паркинг просторот кај пазарчето, а ќе се заменат и две дрвени бандери со канделабри.

Фирми кои Општина Гази Баба ги ангажира за овие активности се: Електроизградба, Спектартермо, Дигитал и Елтра.

Со реализација на овие активности предвидени за 2009 година, Општината до крајот на година ќе биде целосно осветлена.

ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
Подружница „ЕНЕРГЕТИКА" – Скопје
16-та Македонска бригада бр.18, 1000 Скопје, п. фах 734, Р. Македонија

**Старт на ревитализираната турбо електрана во АД "ЕЛЕМ", Подружница "Енергетика"**



Почитувани сограѓани,

Задоволство ни е да Ве известиме дека АД "ЕЛЕМ", Подружница "Енергетика", лоцирана во Општина Гази Баба, во кругот на РЖ Железарница, заврши со комплетната ревитализација на два турбо агрегати со снага од по 20 MVA ангажирана (привидна) моќност кои изминатите 30 години не беа во функција. Имено, истите датираат уште од далечната 1967 година кога беа за прв пат ставени во употреба и беа пуштени во работа заедно со пуштањето на РЖ Железара. Вработените во Подружница Енергетика заедно со своите соработници и стручни лица неуморно, темелно и посветено се заземаа за побрзо завршување на проектот.



Со турбо генераторите, покрај производството на технолошка пареа и топловодно греење, ќе се произведува и електрична енергија со која се постигнува како енергетска така и економска ефикасност. Исто така, со модернизацијата на целокупното интегрирано управување на термоенергетската постојка, се создаваат подобри услови за непречено производство и дистрибуција на топлинска енергија до ценетите потрошувачи. Воедно, сакаме да Ве информираме дека целокупниот процес ги задржува европските еколошки стандарди, кои се многу важен сегмент при изведувањето на еден ваков вид на проект кој е од јавен интерес, затоа што како погонско гориво се користи природен гас. Производството се планира за во текот на 2010 година изнесува 100.000 MWh, која количина е во размер за задоволување на потребите на еден од помалите градови во Република Македонија.

Оваа количина во секој поглед незначително ќе го намали вносот на електрична енергија, но сепак вработените во Подружница Енергетика со своите развојни проекти нема да застанат тука. Како што на повеќето од населението во Општината Гази Баба, познато Ви е дека топловодното 24 часовно греење го обезбедува АД "ЕЛЕМ", Подружница "Енергетика". Со топлвоводното (парно) греење се опфатени урбаните заедници Железара, Автокоманда, Триангла, Маџари и Хиподром, а за во иднина се планира при развивањето на топловодната мрежа да бидат опфатени и урбаните заедници М. А. Ченто, како и дел од Бутел. За сите дефекти и проблеми, стручните лица во подружницата Ви стојат на 24 часовно располагање за брзо и ефикасно решавање на истите.



Подготвил: Дипл.проф. Димитар Б. Арсов

тел.: + 389 (0) 2 32 87 774, + 389 (0) 2 32 87 700, факс: + 389 (0) 2 32 87 776; www.elem.com.mk, e-mail: contact@elem.com.mk







Општина Гази Баба учествуваше на Саемот на Општини ЗЕЛС ЕКСПО 2009 каде оваа година се претстави со сегмент од нејзиното културно богатство - куќа од неолитско село Тумба Маџари и дел од бизнис секторот од Општината.

Штандот на Општината беше посетен од Претседателот на Република Македонија Ѓорѓе Иванов, од градоначалникот на град Скопје Коце Трајановскио, од Градоначалници и гости од многу Општини кои беа присутни со свои штандови и посетители на саемот.

Во култрниот дел на оваа Манифестација, Општината на бината се престави со получасовна програма, подготвена од учениците од Основните училишта "Вера Јоциќ" и "Стив Наумов".






# *Општина Гази Баба* на ЗЕЛС ЕКСПО 2009








Општина Гази Баба одржа свечена седница по повод својот патронен празник.

Свечената седница ја отвори и ја водеше претседателот на Советот Милан Андоновски, а на присутните гости им се обрати и Градоначалникот Тони Трајковски.

Градоначалникот Тони Трајковски додели плакети за успешна соработка и афирмација на Општината во изминатата година на: Пивара АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, фирмите Виталија и Актуел, Ансамблот за народни песни и ора "Јонче Христовски", Ракометниот клуб Металург и на општинската организација на Црвениот крст на Општина Гази Баба. Исто така, беа доделени награди на ученици кои имаат освоено прво место на државни натпревари, како и на ученици кои на конкурсите за најубави ликовни и литературни творби, распишани во основните училишта во Општината на тема "Мојата општина", беа избрани за најдобри.

Конкурс за најубава ликовна творба беше распишан и во Детските градинки во Општина Гази Баба и по тој повод Градоначалникот во својот кабинет прими дваесетина дечиња кои имаа нацртано најдобри цртежи на тема Мојата општина и притоа им подари пригодни подароци.





# Одбележан Денот на Општината







## Се подготвува Стратегија за управување со ризици

Во соработка со SNV - Холандска развојна организација, во Општина Гази Баба започна подготовката на Стратегијата за управување со ризици во тековното работење на општината и реперкусиите од нивното ефектуирање.

Целта на донесувањето на стратегијата е усогласување со постојната законска регулатива и потребата од градење на механизми за управување со ризиците. Стратегијата за управување со ризици многу ќе допринесе за поефективна работа на администрацијата, навремено откривање на можните ризици кои би се појавиле во секојдневните општински активности и определување на мерки за нивно отстранување.

Активностите за едукација и обуки ќе се одвиваат во период од четири месеци и ќе бидат вклучени општинската администрација и претставници од Советот на Општината.

## Подготовка на подстратегија за рурален развој

Во склоп на Стратегијата за ЛЕР, Општина Гази Баба на чија територија се наоѓаат повеќе рурални населени места, предвиде и изработка на Подстратегија за Рурален Развој на Општина Гази Баба.

Подстратегијата за рурален развој произлезе пред се од потребите на граѓаните во руралните средини на оваа општина за воспоставување на организиран пристап за решавање на постоечките проблеми во руралните средини на Општината и можностите таа да даде свој придонес во склоп на своите надлежности и потенцијали.

Во креирањето на подстратегијата вклучени се реномирани фирми, земјоделски здруженија и консултанти, се со цел поквалитетно да се изготви истата, поради фактот што таа ќе биде патоказ за развој на руралниот дел и земјоделието и можност за користење на ИПАРД фондовите.

Со анкетирање на жителите на руралниот дел од Општина Гази Баба, ќе се добијат одговори кои ќе бидат од голема помош при креирањето на подстратегијата.

Како единица за локална самоуправа Општина Гази Баба руралниот развој ќе го поддржува и гради во линија на националните и регионалните стратегии, програми и други документи кои се однесуваат на оваа област.

Студијата ќе ја подготвува Центарот за Економски Анализи (ЦЕА).

Главен носител и финансиер на стратегијата е Општина Гази Баба.



# Потпишан Меморандум за соработка

На петтата седница на Скопскиот плански регион се потпиша Меморандум за соработка помеѓу Советот за развој на Скопскиот плански регион и Советот за развој на Горењскиот регион и Регионалната Агенција БСЦ со седиште во Крањ Република Словенија.

Основната цел на оваа соработка е техничка помош преку трансфер на знаење и искуство кои Регионалната Агенција од Горењска ги има стекнато во 14-те години работа со Општините, Министерствата, ЕУ институциите и партнерите, претпријатијата и другите институции кои се вклучени во развојните проекти.

Размената на знаење ќе биде од областа на развојот, подготовката и имплементацијата на регионални, локални и ЕУ проекти, како и примена на други развојни инструменти и документи кои го подржуваат локалниот и регионалниот развој.

Трансферот на знаење ќе биде на релација регион Горењска, БСЦ регионална агенција од Горењскиот регион, кон Скопскиот регион и Центарот за развој на Скопскиот регион.

Техничката помош ќе изнесува 50.000 евра и главно ќе бидат насочени кон градење на капацитетите на секторите за локален економски развој на сите 18 општини од Скопскиот регион.





# Активно одбележан денот на дрвото

Градоначалникот на Општина Гази Баба заедно со вработените во општинската администрација, го одбележаа - Денот на дрвото.

Тие заедно со граѓаните засадија садници на Ајватовски рид, со што ја поддржаа масовната акција за садење дрвја "Засади ја својата иднина".







## Градоначалникот засади дрвца со најмладите

Во дворот на детската градинка 25 мај, Градоначалникот Тони Трајковски заедно со децата засади декоративни садници, каде што и присуствуваше на кратката приредба што за оваа пригода ја подготвија најмладите.

Оваа активност е организирана во рамките на акцијата Денот на дрвото, за што Општината на детските установи 25 Мај и Детска радост им подари садници.

Цел на овие активности на Општината е да се развие кај најмладите чувството за еколошка свест и да се разубави околината каде што тие престојуваат.

ИНТЕРВЈУ СО КОНСТАНТИНОС СПАНУДИС, ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОТ НА ПИВАРА СКОПЈЕ АД

# Н. Пивара Скопје опстојува 85 години во општината Гази Баба

П.Н. Разбирањето и поддршката со општинските власти е клучот за поголеми придобивки за граѓаните, за поразвиена и понапредна општина, во која ќе создаваме нови вредности

**Господине Спанудис, Вие сте на чело на една од најуспешните компании во Македонија, која оваа година прославува голем јубилеј. Дали можете да ни кажете нешто во врска со тоа?**

- Голем предизвик е да застапуваш одговорно место во компанија која претставува синоним за успех, квалитет и задоволство на потрошувачите, вработените и заедницата. Оваа година ја одбележуваме 85-та година од постоењето. Без оглед на различните периоди и случување Пивара Скопје секогаш била на врвот на пазарот во сите сегменти. Сите генерации на вработени и раководства дале придонес во развојот на компанијата, а тоа заслужува голема почит. Потрошувачите имаат фаворит од нашите производи, почнувајќи од светски познатата Coca-Cola, па се до националната гордост-вкусот на Македонија - пивото Скопско.

Интересно е тоа што од формирањето на компанијата, таа секогаш била на истата локација во општината Гази Баба и е добар сосед со нејзините граѓани.

**Оваа година добивте плакета за успешна соработка по повод денот на општината Гази Баба. Како Вие во Пивара Скопје гледате на ова признание?**

- Пивара Скопје е позната по деловните достигнувања и професионални перформански и важи за една од компаниите која има изострено чувство за подршка на националните и општествените вредности. Низ годините наназад, таквиот пристап е наградуван од заедницата во многу прилики. Збирката на голем број на благодарници, пофалници и плакети од граѓанскиот сектор, разни манифестации и фестивали се дел од историјата на Пивара Скопје и се подеднакво значајни како и деловните успеси. Сите сме горди на духот со кој функционира компанијата, а плакетата која ја добивме од општината е само уште една потврда дека сме и конструктивни и добри соседи.

**Дали сте задоволни од соработката со општината Гази Баба?**

- Сметам дека можете да го насетите одговорот и се надевам дека тоа задоволство е двонасочно. Потврда е и годинешната плакета, која е само формален заклучок на нашата соработка и взаемен интерес со општината. Свесни сме дека разбирањето и поддршката се клучот за поголеми придобивки за граѓаните, за поразвиена и понапредна општина, во која ќе создаваме нови вредности.

**На кој начин и понагате на општината Гази Баба, односно во кои манифестации или изградба на инфраструктурни проекти сте земале учество?**

- Историјата на Пивара Сопје е долга како и таа на општината Гази Баба. Сме учествувале во многу проекти, манифестации и настани, кои биле превземани со поддршка на компаниите кои работат на подрачјето на општината. Ние тоа не го правиме за да потоа се фалиме, бидејќи тоа не е нашата крајна цел. Нашиот приоритет е да да ги подржиме вистинските вредности за општо добро.

**Дали сметате дека општината Гази Баба треба да направи нешто во делот каде е лоциран вашиот објект?**

- Како дел од заедницата ги балансираме потребите и можностите. Сметаме дека планираните проекти наскоро и ќе се реализираат. Веруваме во намерите на локалната самоуправа, со што општината постојано ќе се облагородува, расте и развива, а тоа нас, како дел од соседството не прави задоволни.

ИНТЕРВЈУ СО ЗОРАН КОСТОВСКИ, ДИРЕКТОР НА ЛОГИСТИКА ВО КОМПАНИЈАТА „АЛКАКОИД АД„-СКОПЈЕ

# Инвестираме во капитални инфраструктурни проекти во Гази Баба

Факт е дека седиштето на фабриката "Алкалоид" АД во општината Гази Баба е од најголема помош, а за тоа сведочат и резултатите во работењето, како и придобивките со даночните обврски и со постојаната нејзина афирмација

**Оваа година по повод Денот на општината Гази Баба добивте плакета за успешна соработка. Дали ова е ваше прво признание од локалната самоуправа за потврда дека учествувате во развојот на локалната самоуправа?**

- За прв пат добивме плакета за успешна соработка, но минатата година добивме плакета за спонзорство за изградба на инфраструктурниот проект "Плоштад во Автокоманда". Добитници сме и на благодарница за спонзортвото на детската олимпијада во 2009 година, која беше во организација на општината Гази Баба. Покрај овие признанија, компанијата "Алкалоид" АД е носител на бројни плакети, благодарници, награди и признанија, кои се добиени за нашето деловно и општествено ангажирање. Тоа го потврдува и податокот што името Алкалоид, детската колекција Бекутан и лекот Кафетин се прогласени за Супербрендови.

**Што е главната дејност на фабриката "Алкалоид" АД Скопје?**

- Компанијата е основана во 1936 година и повеќе од седум децении произведува лекови, козметички или хемиски производи, а врши и преработка на билни суровини. Препознатливи сме по тоа што создаваме производи кои се синоним за врвен квалитет. Инвестираме во нашата заедничка иднина, бидејќи вруваме дека здравјето е пред се. "Алкалоид" АД е акционерско друштво, во чии рамки работат два профитни центри: ПЦ "Фармација" и ПЦ "Хемија", "Козметика и билкарство", има и една фирма ќерка "Алкаколид КОНС", како и 13 подружници надвор од државата, односно во Србија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија, Швајцарија, Косово, Албанија, Бугарија, Романија, Украина, Руската Федерација и САД. Друштвото брои околу 1200 вработени, со домашен капитал во сопственост на приватните акционери, од кои близу 13 отсто се странски инвеститори.

**Дали сте задоволни од соработката со општината Гази Баба?**

- Задоволни сме од соработката, кога со општината управуваше поранешниот градоначалник Коце Трајановски, а истата продолжува и со градоначалникот Тони Трајковски. За сите проекти кои се организираат и координираат од општинската администрација сме навремено известени и активно учествуваме.

**На кој начин и помагате на општината?**

- Помошта се состои од спонзорства и донации на финансиски средста, но и со производи од асортиманот на компанијата. Факт е дека седиштето на фабриката "Алкалоид" АД во општината Гази Баба е од најголема помош, а за тоа сведочат и резултатите во работењето, како и придобивките со даночните обврски и со постојаната нејзина афирмација.

**Дали сметате дека општината треба да направи нешто повеќе во делот каде се наоѓа вашиот објект?**

- За пофалба е тоа што е општината се ангажираше за изработката на Деталниот урбанистички план за локалитетот каде е седиштето на фабриката. Имаме уште нерешени прашања, но се надевам дека во иднина истите ќе се разрешат.

# Здрава храна за развој на општината Гази Баба

**ИНТЕВЈУ СО ИСКРА ВЕТАЏОКОСКА, МЕНАЏЕР ВО ФАБРИКАТА „ВИТАЛИЈА“, ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЗДРАВА ХРАНА**



**Дали можете да ни кажете со што се занимава фирмата "Виталија"?**

- "Виталија" е мешовита компанија со учество на странски капитал, специјализирана за производство на здрава храна, диететика, дијабетика, житарици и огранска храна. Основна цел на компанијата е снабдување на домашниот и странскиот пазар со природни, вкусни и здрави производи со висок квалитет и пристапна цена. Основана е во 1993 година од кога и бележи брз и динамичен развој. Благодарение на нашата професионалност и иновативност во доменот на здравата храна, "Виталија" е водечка фирма на Балканот и Источна Европа.

Нашата филозофија е тоа дека здравата храна треба да биде и вкусна. Горди сме што користиме свежи овошја и сосотојки кои потекнуваат од еколошките шуми и полиња на Македонија.

**Оваа година за прв пат добивате плакета по повод денот на општината Гази Баба за успешна соработка. Како вашата компанија гледа на ова признание?**

- Иако и порано сме добивале пофалници, оваа година благодарноста за успешната соработка беше доделена во вид на плакета. Се надеваме дека и во иднина ќе добиваме вакви признанија. Во текот на нашено работење имаме добиено многу награди по разни поводи и манифестации, со кои само се порврдува професионалноста и посветеноста на "Виталија".

**Дали сте задоволни од соработката со општината Гази Баба?**

- Фирмата уште до 1997 година е лоцирана на територијата на општината Гази Баба. Од 2000 година се наоѓаме на улица-та 516 со бројот 10. За сето тоа време имаме перманентна и успешна соработка. Секогаш ги поддржуваме општествените акции, но секако дека знајајно за тоа е и иницијативата на поранешниот градоначалник Коце Трајановски. Не радува и тоа што сегашниот градоначалник Тони Трајковски е идентично ориентиран и се надеваме на уште поплодна соработка во наредниот период.

**На кој начин и помагате на општината и во кои се манифестации сте дале свој допринос?**

- Оваа гидина бевме еден од спонзорите на Малите олимписки игри, со што помогнавме учениците да се заразат со феноменот спорт и да се отгнат од пороците на соврменото живеење. Веќе неколку години учествуваме на Саемот на општините "Зелс Експо", на кој ја презентираме нашата палета на производи и ја збогатуваме атмосферата со дегустации, со што им овозможуваме на посетителите да ја пробаат нашата храна. И оваа година бевме дел од саемската изложба.

Една од активностите кои во моментов ја поддржуваме со наши кадри е стратегијата за рурален развој на општината Гази Баба.

**Дали сте задоволни од работата на општината и во кој дел сметате дека треба таа да ви помогне?**

- Неопходно е да се уреди коловозната површина, тротоарите, фекалната и атмосферската канализаицшја на улицата 516, каде се наоѓа сдиштето на "Виталија".Сметаме и дека општината преку комуналните претпријатија треба да ја подигне хигиената во овој дел на повисоко ново.

Во иднина се надеваме дека ќе бидеме вклучени во поголеми Проекти на општината со што ќе придонесеме за нејзин поголем развој и просперитет на жителите.

*Една од активностите кои во моментов ја поддржуваме со наши кадри е стратегијата за рурален развој на општината Гази Баба*

# Новите вработувања се плод на успешната соработка со општината

ИНТЕРВЈУ СО ДРАГИ БОГАТИНОВ, СОПСТВЕНИК НА ФАБРИКАТА ЗА КОНФЕКЦИЈА „АКТУЕЛ„




**Оваа година по повод денот на општината Гази Баба добивте плакета за успешна соработка. Дали сметате дека соработката со локалната власт е неоходна за афирмација на вашата фабрика, како и за развојот на општината?**

- Веќе три години просториите на фабриката "Актуел" се сместени во н.м. Инџиково, кое се наоѓа на територијата на општината Гази Баба. Ова е прва плакета која ни е доделена од општината. Порано добивавме само благодарници. Не очекував дека ќе ни биде доделена плакета, бидејќи голем дел од општината е индустриска зона и има многу фирми. Чест ни што не избраа за едни од главните соработници и помагачи на проектите, со што придонесуваме и за подобри услови за жителите во општината.

**Која е вашата производствена дејност и на кој начин и помагате на општината Гази Баба?**

- Произвдуваме женска конфекција на принципот "Лон-доработка". Тоа значи дека вршиме кроење, шиење и пеглање, а потоа готовите модели се носат на продажба во Германија. Имаме околу 120 вработени кои воглавно се од Инџиково, но овој период сме подготвени и за нови вработувања. На општината и помагаме во оној дел каде е потребна изработка на материјали од текстил, како што се знамиња, предмети обложени со материјали, облека, народни носии и слично.

**Во кои проекти на општината досега сте биле вклучени?**

- Правиме униформи или дресови за потребите на фудбалските клубови, кои учествуваат на натпреварите кои ги организира општината со основните училишта или со клубовите. За Олимписките игри изработуваме народни носии, а сме шиеле и униформи за потребите на општинската администрација, како што е манифестацијата за Денот на општината. Сме учествувале и во изработката на презентативни материјали за промоција на општината Гази Баба.

> На општината и помагаме во оној дел каде е потребна изработка на материјали од текстил, како што се знамиња, предмети обложени со материјали, облека, народни носии и слично
> - Драги Богатинов

**Дали сте задоволни од соработката со општината Гази Баба?**

- Соработката започна пред три години, кога баравме дозвола за градба. Потоа таа се продлабочи со поранечниот градоначалник Коце Трајановски. Досега неколку пати се имаме сретнато со сегашниот градоначалник Тони Трајковски и се надеваме дека соработката ќе продолжи со истото темпо и со поголеми успеси.

**Дали сметате дека општината треба да направи повеќе во населеното место каде се наоѓа објектот на фабриката?**

- Селото Инџиково е тивко место и пријатно за живеење и работење. Изградбата на новиот фекален колектор Инџиково - р. Вардар ќе придонесе и за изградба на повеќе куќи и за развој на ова населено место. Задоволен сум од автобуските линии, кои секогаш се редовни, а и постројката се наоѓа пред фабриката, што им го олеснува доаѓањето на работа на нашите вработени. Можеби улиците треба да добијат тротоари, бидејќи пешаците не можат да се движат слободно и постојано треба да внимаваат да не ги удри некој автомобил.

**Кои се вашите идни планови за соработката со општината и во кои проекти ќе учествувате?**

- Ние сме подготвени да помогнеме во сите манифестации и настани каде ќе бидеме поканети да учествуваме. Планираме да вработиме уште жители од оваа општина. Сметаме дека на овој начин ќе им помогнеме на граѓаните, кои потоа ќе вложат во општината. Само здружени ќе ја направиме оваа општина пример за добра соработка меѓу локалната власт и приватниот сектор.

ИНТЕРВЈУ СО ЗДРАВКО ГЕОРГИЕВСКИ, КООРДИНАТОР ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА



# Заедно со општината можеме повеќе да им помогнеме на граѓаните

**Колку време е формирана организацијата на Црвениот крст на општината Гази Баба?**

- Општинскиот црвен крст е формиран уште во 1977 година. На почетокот неговото седиште било на улицата 16 Македонска бригада, потоа кај скривниците кај клучката "Континентал",а од крајот на 2008 година е преселен на улицата Антон Попов, во склоп на културниот дом "11 Октомври", во населбата Ченто. Црвениот крст делува во рамките на четири општини, односно во Гази Баба, Петровец, Илинден и Арачиново и има околу 300 членови и волонтери.

**Која е функцијата на општинскиот Црвен крст?**

- Црвениот крст кој делува на територијата на општината Гази Баба се труди да помогне на најранливите групи на луѓе, односно на ублажување на социјалните проблеми во општината. Организираме едукативни работилници и предавања на најразлични теми, од социјалната проблематика, преку здравствено-превентивната до евакуација од временски непогоди. Нашата таргет група се основните и средните училишта, како и старите лица, но се грижиме и за Дневниот центар за работа со деца од улица во населбата Автокоманда и Центарот за децата со посебни потреби во населбата Железара. Помагаме и со донации на храна, облека и мебел на оние семејства кои се социјални случаи.

Црвениот крст на општината Гази Баба организира едукативни работилници и предавања на најразлични теми, од социјалната проблематика, преку здравствено - превентивната до проекти за евакуација од временски и елементарни непогоди

**Каква е вашата соработка со општината Гази Баба?**

- Црвениот крст имал контакт со општината Гази Баба и во минатото. Но, таа соработка стагнирала од 1992 до 1999 година. Со поранешниот градоначалник таа почнува да се интензивира, а сега само се надоврзуваме со сегашниот градоначалник Тони Трајковски, со кого сметам дека ќе имаме и поплодна соработка. Сметам дека со општината треба да делуваме заеднички, бидејќи само така ќе се почувствуваат ефектите од нашето работење. Во месните заедници треба да се подигне свеста на граѓаните за давање на прва помош, која ни е примарна активност. Треба да се организираат повеќе акции со општината за давање на крв.

**Дали ви значи плакетата која ја добивте по повод Денот на општината и колку наградите ве мотивираат во реализација на нови проекти?**

- Досега сме добивале само благодарници во знак на успешната соработка со општината. Плакетата е мотивација за дополнително продлабочување на соработката со општината Гази Баба, во секое поле каде има удел локалната самоуправа. Тоа ќе ни помогне и во проектите кои може да се реализираат со ИПА-фондовите.

**Кои се следните активности на општинскиот Црвен крст?**

- Ќе бидеме присутни со свои екипи на спортските турнири кои ги организира општината. Имаме работилници низ училиштата на тема за трговија со луѓе, а ќе вршиме и предавања за ХИВ-СИДА. Следниот период ќе обрнеме внимание и на единицата за одговор при катастрофи, која е формирана од општината.






Овој клуб треба да претставува гордост, а од општината Гази Баба треба да произлезе и млад талент кој потоа ќе биде лидер во ракометот

# "Металург" е бренд во спортот на оваа општина

**Колку време ракометниот клуб "Металург" постои на територијата на општината Гази Баба?**

- Овој клуб гравитира уште од 1971 година на територијата на општината Гази Баба, кога се натпреварувал во Втората југословенска лига. Со преземањето на генералното спонзорство во 2000 година од страна на компаниите "Макстил" и "Дуферко груп" и господинот Минчо Јорданов, од маалски клуб прераснува во европски клуб со големо реноме. Оваа година на чело на екипата застана најтроферниот хрватски тренер Лоно Червар.

**Со колку трофеи изминатиот период се закитил клубот "Металург"?**

- Досега сме добиле две шампионски титули, два купа на Македонија, четири пати бевме вице прваци и четири пати сме меѓу осумте најдобри ракометни клуба во Европа. Изминатите две години сме доминантни прваци во женска и машка категорија во ракомет. Клубот брои вкупно 520 членови-ракометари.

**Кога започна соработката со општината Гази Баба?**

- Соработка започна со поранечниот градоначалник Коце Трајановски, со преземањето на спортската сала во Автокоманда, која ни е дадена под концесија. Сметам дека сегашниот градоначалник Тони Трајковски ќе ја продолжи истата соработка со клубот и дека ќе се посвети на развојот на ракометот.

**Колку сте задоволни од соработката и на кој начин сте и помогнале на општината Гази Баба?**

- Ние ги поддржуваме сите спортски активности кои ги организира општината. Тоа се спортските натпревари кои се одржуваат меѓу учениците од основните училишта, како и меѓу членовите на клубовите. Секогаш сме подготвени да учествуваме во тие проекти, бидејќи на тој начин се поттикнува спортскиот дух кај младите. Задоволни сме општината има цел и ја почитува вредноста на спортот, со што им се овозмочува на децата да се тргнат од улиците и кафулињата и да ги посетуваат спортските терени.

**По повод Денот на општината Гази Баба добивте плакета како симбол за успешната соработка изминатиот период. Дали ова ви е прва плакета која ви е доделена и дали ова ви значи мотивација за поголема афирмација на општината?**

- Ова е прва плакета која ни е доделена во знак на благодарост за несебичната поддршка на клубот во развојот на општината од областа на спортот. Иако голем дел од општината е индустриски и рурален, сепак сметам дека има напредок, а тоа најмногу се забележува на натпреварите во ракомет меѓу децата. Овој клуб треба да претставува гордост, а од општината Гази Баба треба да произлезе и млад талент кој потоа ќе биде лидер во ракометот.

**Што сметате дека општината треба да направи за да се подобрат условите за спортување?**

- Досега сме задоволни од тоа што е овозможено во поглед на спортските сали и терени. Сметаме дека со проширување на салата во Автокоманда ќе ни се подобрат условите за одржување на тренинзите, ќе имаме поголем капацитет за организирање на Меѓународни натпревари, а тоа ќе донесе и до поголеми резултати. Тогаш нема да мора да изнајмуваме други сали, туку спортистите ќе ги носиме во оваа општина. Ние го заслужуваме тоа, бидејќи сме бренд во спортот во општината Гази Баба.